

Бегалско колона

ЕФТИМ ЕФТИМОВ

Стани, роде Македонски

Јас, го разбирам овој свет ко китка под небото што расте и расцветува.

***(песната ја сочувал: Атанас, Горна Џумаја, Пиринска Македонија)***

# ЈАС ГО РАЗБИРАМ СВЕТОТ

Јас,
го разбирам
овој свет
ко китка
под небото што расте
и расцветува.

Го знам
јасен ми е тој
од Мајчините приказни
го сватив
ко грутка земја
откорната од татковото рало.

Во школото јас
овој свет
го цртав на дланки
и сетне
го понесував ко поле
на планината
горе кај комитите.

Го разбирам јас
овој свет
дамнешен и сегашен
ко плодородна рамнина
со Библија
и житие за сите
на планетава.

Ефтим ЕФТИМОВ
26.VIII.89г.
(Фаменот-болницата-Сиднеј)